**Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија**
Натпревари по хемија за ученици од основно образование

http://sctm.mk/

# ПРАВИЛА ЗА РЕГИОНАЛЕН НАТПРЕВАР 2018

1) Натпреварот започнува во **10:00 ч**. Натпреварувачите треба да бидат пред училницата во која ќе се одвива натпреварот најдоцна во **09:45 ч**. Натпреварот завршува во **12:00 ч**. Тестовите предадени по 12:00 ч. нема да се земат предвид.
2) Регионалната комисија е составена од пријавените ментори за членови во комисијата и член од Државната комисија. Добредојдени се и повеќе наставници кои би сакале да се вклучат во работата на комисијата.
3) Претседавачот со комисијата (координаторот) поседува список од ученици кои имаат право да учествуваат на натпреварот. Списоци со распоред на ученици треба да бидат истакнати на видно место на влезот на училиштето, како и на вратата на секоја училница во која што ќе се натпреваруваат учениците.
4) Претставникот од Државната комисија ги носи испечатените тестови кои се наоѓаат во запечатена кутија или коверт.
5) Училиштата-домаќини се должни да обезбедат тестатори за натпреварот.
6) Менторите имаат право и обврска да учествуваат во натпреварот преку контрола на регуларноста на натпреварот. Еден ментор не смее да контролира и да одговара на прашања на ученици од своето училиште или ученици со кои е во роднинска врска. Доколку ова се случи, учениците ќе бидат дисквалификувани, а наставникот повикан на одговорност.
7) Решавањето на целиот тест (прашања и проблеми/задачи) трае **120 минути**.
8) Ученици од исто училиште треба да бидат максимално **оддалечени** еден од друг во училницата (распоредот да го направи одговорниот наставник-координатор од училиштето домаќин).
9) Натпреварувачите се должни да носат со себе **сино хемиско пенкало** и калкулатор („дигитрон“). Тестовите се изработуваат користејќи го хемиското пенкало. **Не е дозволено да се работи со молив**. Забранета е употреба на **џебни компјутери** наместо калкулатори (проверката да се изврши пред почетокот на натпреварот).
10) Забранета е употреба на **мобилни телефони** (учениците треба да ги оставаат мобилните телефони на катедрата на почетокот на натпреварот и да си ги земат по неговото завршување).
11) На делот со повеќе понудени одговори од кои еден е точен, **не смее да се врши поправање/преправање/бришење** на резултатот. Било какви поправки, шкртаници или заокружени два или повеќе одговори автоматски се оценуваат како погрешен одговор.
12) Според одлуката донесена од Државната комисија за натпревари при СХТМ, во првиот дел, за точен одговор се доделуваат 2 поена, за погрешен одговор се доделуваат –0,25 поени, а неодговорено прашање се бодува со 0 поени.
13) Забранет е **било каков** разговор меѓу натпреварувачите.
14) Забранета е употреба на **книги, тетратки, ливчиња, таблица на периодниот систем** и слично. Сите потребни податоци се дадени во тестот. Крајниот резултат (а кај задачите и начинот на решавање) треба да бидат предадени **читко и прегледно**.
15) Ако натпреварувачот сака да постави прашање, прашањето мора да биде поставено тивко, кратко и јасно. Доколку одговорниот наставник заклучи дека прашањето заслужува одговор, тој гласно го повторува прашањето и дава одговор. Во спротивно, повторно гласно, се одговара (на пример: „Тоа не е од значење за натпреварот“, „Тоа би требало да го знаеш“, „Токму тоа е прашањето на кое треба да одговориш“ и слично).
16) Натпреварувач што нема да се придржува до некое (или повеќе) од овие правила/препораки, може да биде исклучен од натпреварот.
17) **Вкупниот број поени што може да се освојат е 50 (30 + 20)**.
18) Прелиминарни резултати ќе бидат истакнати по прегледувањето на огласна табла во училиштето, а конечни резултати на веб страницата на СХТМ во рок една недела по регионалните натпревари.
19) По истакнувањето на прелиминарните резултати, учениците имаат право да поднесат приговор самостојно или заедно со својот ментор (без присуство на родител) и тоа само за конкретно прашање или задача во рок од 30 min по истакнувањето, кој веднаш ќе биде разгледан од регионалната комисија. Приговори поднесени подоцна нема да се разгледуваат.
20) Наставник кој е вклучен во натпреварите, а не се однесува професионално, може да биде повикан на одговорност (вклучително и кривична, доколку се докаже дека постои „пробивање“ на тестот во кое учествувал наставникот).
21) За евентуални прашања **на денот на регионалниот натпревар** може да ја консултирате доц. д-р Марина Стојановска на 078211222 (за основно) и проф. д-р Марина Стефова на 07847442 (за средно).